**Универзитет за туризам и менаџмент Скопје**
**Факултет за информатика**

# ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Годишна програма за работа на Факултетот за информатика за академската 2020/21 година

2021

# СОДРЖИНА

1. Вовед 3
2. Наставен и соработнички кадар 3
3. План за работа и календар на активности 4
4. Настава 6
5. АКРЕДИТАЦИЈА НА НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМ 11
6. Гости – предавачи во наставата на Факултетот за информатика 11
7. Одбори за доверба со јавноста 12
8. Научно-истражувачка дејност 13
9. Меѓународна соработка 13
10. Практична настава за студентите 14
11. Промотивни активности 14

## 1. Вовед

Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на Факултетот за информатика е изготвен врз база на Годишната програма.

Со оглед на степенот на реализација на програмските цели, може да се констатира дека истите се реализирани во најголем дел. Одреден број активности останале нереализирани, поради објективни причини кои не зависеле од носителите на програмата, што може да се види од наративниот дел на Извештајот.

Исто така, Факултетот непречено ги реализира активностите чија реализација не е семестрално детерминирана и нема поголеми пречки или застои во реализација на тие активности.

## 2. Наставен и соработнички кадар

Факултетот за информатика има стручен и компетентен наставен и соработнички кадар кој ја реализираше наставата во есенскиот семестар во академската 2023/25 година.

Табела бр. 1: Наставен кадар што ја изведуваше наставата

| | |
|---|---|
| 1. | Проф. д-р Лидија Горачинова |
| 2. | Проф. д-р Симе Арсеновски |
| 3. | Проф. д-р Славчо Чунгурски |
| 4. | Проф. д-р Биљана Стојчевска |
| 5. | Проф. д-р Наташа Ристовска |
| 6. | Проф. д-р Александра Стоилковска |
| 7. | Проф. д-р Зоран Ивановски |
| 8. | Проф. д-р Јана Илиева |
| 9. | Проф. д-р Валентина Палевска-Муцунска |
| 10. | Доц. д-р Ана Секуловска |

## 3. План за работа и календар на активности

Наставата на Факутлетот за информатика во текот на есенскиот семестар целосно е реализирана и спроведена според претходно усвоениот План за работа и активности во академската 2020/21 година.

**ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2022/2022 год.**
**ЕСЕНСКИ СЕМЕСТАР**

**ЕСЕНСКИ СЕМЕСТАР**

I СЕДМИЦА:. 01.10-02.10. 2020 год.. – (ЧЕТВРТОК - ПЕТОК)
СВЕЧЕН ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС

II СЕДМИЦА:. 05-09.10. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

III СЕДМИЦА:13-16.10. 2020 год (ВТОРНИК – ПЕТОК)
II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

IV СЕДМИЦА: 19-22. 10. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ЧЕТВРТОК)
III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

V СЕДМИЦА: 26.10.-30. 10. 2020 год (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I КОЛОКВИУМ

VI СЕДМИЦА:02-06.11. 2020 год ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).

VII СЕДМИЦА: 09-13.11. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

VIII СЕДМИЦА: 16-20. 11. 2020 год.. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

IX СЕДМИЦА: 23-27. 11. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ВТОР КОЛОКВИУМ

X СЕДМИЦА: 30,11-04. 12. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VII  I VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

XI СЕДМИЦА: 07-11. 12. 2020год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ТРЕТ КОЛОКВИУМ

XII СЕДМИЦА: 14.-18.12. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ

XIII СЕДМИЦА: 21.-25.12. 2020 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ЗАВРШЕН ИСПИТ

**ПРОЛЕТЕН СЕМЕСТАР**

I СЕДМИЦА: 15.02-19.02. 2021. год. – (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

II СЕДМИЦА: 22.02-26.02. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)

II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

III СЕДМИЦА: 01.03-05.03. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

IV СЕДМИЦА: 08.03.-12.03. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА I КОЛОКВИУМ

V СЕДМИЦА: 15.03.-19.03. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I КОЛОКВИУМ

VI СЕДМИЦА: 22.03- 26.03. 2021 год.(ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).

VII СЕДМИЦА: 29.03 – 02.04.2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

VIII СЕДМИЦА: 05.04-09.04. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

IX СЕДМИЦА: 12.04-16.04. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ВТОР КОЛОКВИУМ.

X СЕДМИЦА: 19.04 -23.04. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
ВТОР КОЛОКВИУМ

XI СЕДМИЦА: 26.04.-29.04. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ЧЕТВРТОК)
VII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)
**30.04 – 09.05. 2020 Пролетен распуст – Великден (02.05.2021)**
XII СЕДМИЦА:10.05 - 14.05.-. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК)
VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

XIII СЕДМИЦА: 17.05-21.05. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ТРЕТ КОЛОКВИУМ

XIV СЕДМИЦА: 24.05- 28.05. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ

XV СЕДМИЦА: 31.05.-04.06. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ЗАВРШЕН ИСПИТ

XVI СЕДМИЦА: 07.06.-11.06. 2021 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОПРАВЕН ЗАВРШЕН ИСПИТ

15.06.2021 – 01.09.2021
РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДЕНТСКА ПРАКСА

15.06.2021 – 31.08.2021
ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ

## 4. Настава

Во текот на оваа учебна година беше реалзирана настава според следното:

Четиригодишна програма на Прв циклус насока Софтверско инженерство во 1, 2, 3 и 4 година (акредитирана 2018 година)
Едногодишна студиска програма на Втор циклус насока Софтверско инженерство (акредитирна во 2018 година)
Двогодишна студиска програма на Втор циклус насока Софтверско инженерство (акредитирна во 2018 година)

Наставата се реализираше согласно следниот распоред на часови, на кој се гледа и ингажманот на наставниците.
Поради мерките за справување со Covid 19, наставата се изведуваше online користејќи Google Meet платформа како стандарден избора на Униврзитетот. Просториите на распоредот се планирани во случај на престанок на мерките.

**Распоред за предавања и вежби за есенски семестар - академска 2020/2021**

**ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРВА** | **Математичка логика и алгебра**<br>**9:00-14:00**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Вовед во програмирање**<br>**9:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Б. Стојчевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Интернет технологии**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р С. Чунгурски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Калкулус 1**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Англиски јазик 1**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Доц.д-р В.Милевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ВТОРА** | **Оперативни системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски | **Дискретна математика**<br>**9:00-14:00**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. Горачинова | **Податочни структури и алгоритми**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф.д-р С. Чунгурски<br>**14:00-16:00** | **Англиски јазик 2**<br>**10:00-13:00**<br>**101**<br>Доц.д-р В. Милевска<br><br>**14:00-16:00** | **Менаџмент-информациски системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Доц. .д-р А. Секуловска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | Консултации и лабораториска работа | Консултации и лабораториска работа | 14:00-16:00<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ТРЕТА** | **ВЕБ програмирање**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф..д-р С. Чунгурски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Безбедност на КС**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Етички норми во информатиката**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Доц. .д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Софтверско инженерство**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф .д-р Б. Стојчевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Вештачка интелигенција**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р А. Сефиданоски<br><br>**14:00-16:00**<br>**Консултации и лабораториска работа** |
| **ЧЕТВРТА** | **Софтверски дизајн и тестирање**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Б. Стојчевска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **ИТ безбедносни политики и процедури**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Доц.. д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Случајни процеси**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Бази на податоци 2**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р С. Чунгурски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Проектирање на ИС**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |

## ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТА** | **Софтверски дизајн и тестирање**<br>**10:00-14:00**<br>**103** | **ИТ безбедносни политики и процедури**<br>**10:00-14:00**<br>**103** | **Случајни процеси**<br>**10:00-14:00**<br>**103** | **Бази на податоци 2**<br>**10:00-14:00**<br>**201** | **Проектирање на ИС**<br>**10:00-14:00**<br>**103** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Проф.д-р Б. Стојчевска | Доц. д-р А. Секуловска | Проф.д-р Л. Горачинова | Проф.д-р С. Чунгурски | Проф .д-р С. Арсеновски |
| **ПЕТТА** | **Истражувачки техники и академско пишување**<br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Доц. д-р А. Секуловска | **Процесирање на природни јазици**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р  С. Чунгурски | **Напредно софтверско инженерство**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р Б. Стојчевска | **Моделирање и симулации**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Горачинова | **Теорија на информации и криптографија**<br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф.д-р Л. Горачинова |

**Распоред за предавања и вежби за пролетен семестар - академска 2020/2021**

**ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРВА** | **Калкулус 2**<br>**9:00-14:00**<br>**202**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Објектно-ориентирано програмирање**<br>**9:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Б. Стојчевска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **ВЕБ дизајн**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Архитектура на компјутерски системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Претприемаштво и мал бизнис**<br>**10:00-13:00**<br>**101**<br>Проф. Д-р Н. Ристовска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ВТОРА** | **Бази на податоци**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Т. Малиновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Визуелно програмирање**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф.д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Маркетинг на услуги**<br>**10:00-13:00**<br>**101**<br>Проф. д-р Д. Блажевска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Комјутерски мрежи**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Б. Стојчевска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Веројатност и статистика**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ТРЕТА** | **Корпоративен имиџ** | **Е-комерц** | **Дистрибуирани** | **Пресметување со** | **Напредни алгоритми** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **10:00-13:00**<br>**101**<br>Проф. д-р В. Палевска-Муцунска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **10:00-14:00**<br>**101**<br>Доц. д-р А. Секуловска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **компјутерски системи**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р П. Митревски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **високи перформанси**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф. д-р П. Митревски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Б. Стојчевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ЧЕТВРТА** | **Виртуелни општества**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Доц. д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Теорија на системи**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р П. Митревски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Операциони истражувања**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Менаџмент на настани**<br>**10:00-13:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Д. Наковски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | |

## ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТА** | **Виртуелни општества**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br><br>Доц. Д-р А. Секуловска | **Теорија на системи**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br><br>Проф. Д-р П. Митревски | **Операциони истражувања**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br><br>Проф. Д-р Л. Горачинова | **Деловно лидерство**<br>**17:00-19:30**<br>**101**<br><br>Проф. Д-р А. Стоилковска | **Пресметување во облак и СОА**<br>**17:00-20:15**<br>**202**<br>Проф. Д-р Б. Стојчевска |
| **ПЕТТА** | **Системска анализа и дизајн**<br>**17:00-20:15**<br>**202**<br>Проф. Д-р Б. Стојчевска | **Современ менаџмент**<br>**17:00-19:30**<br>**101**<br><br>Проф. Д-р Н. Ристовска | | | |

## 5. Гости – предавачи во наставата на Факултетот за информатика

Наставата се одвиваше Online па тоа овозможуваше покана на стручњаци од одредени области во реализација на одделните часови. Организирани предавања на ниво на цел факултет имаше и тоа:

- Душко Марјановиќ од Белград – гостинското предавање на тема е-ваучери како технологија за промоција и продажба на средно големи пазари претставуваше значаен придонес кон разбирањето на дигиталната трансформација на маркетинг стратегиите и продажните модели. Во рамки на предавањето беа анализирани концептот и архитектурата на системите за електронски ваучери, нивната интеграција со постојните продажни платформи, платежни системи и CRM решенија, како и механизмите за следење на корисничко однесување и мерење на ефективноста на кампањите. Посебно внимание беше посветено на специфичностите на средно големите пазари, каде што пазарната заситеност, ограничената куповна моќ и конкуренцијата бараат прецизно таргетирани и економски одржливи промотивни модели. Предавањето ги обработи и аспектите на персонализација, дигитална аналитика, заштита на податоци и управување со ризици, при што се потенцираше значењето на технолошката инфраструктура и довербата на потрошувачите како клучни фактори за успех. Студентите стекнаа увид во тоа како е-ваучерите можат да се користат како инструмент за зголемување на продажбата, лојалноста на клиентите и оптимизација на маркетинг буџетите, особено во контекст на локални и регионални економии. Ваквиот пристап овозможува поврзување на теоретските знаења од областа на е-бизнисот и дигиталниот маркетинг со реални деловни сценарија, што придонесува кон развој на стратешко и аналитичко размислување кај студентите.

- Крешимир Хаускнехт од Загреб, Хрватска – гостинското предавање од областа на компјутерската форензика претставуваше значаен придонес кон продлабочувањето на знаењата на студентите од Факултетот за информатика во доменот на дигиталната истрага и безбедноста на информациските системи. Во рамки на предавањето беа обработени теми поврзани со основните принципи на дигиталната форензика, методологијата на прибирање, зачувување и анализа на електронски докази, како и практични аспекти на форензичка анализа на компјутерски системи, мобилни уреди и мрежна инфраструктура. Посебен акцент беше ставен на правните аспекти и процедурите за обезбедување валидност и интегритет на доказниот материјал, како и на примената на современи форензички алатки и техники во реални случаи на сајбер-криминал. Предавањето им овозможи на студентите да стекнат увид во интердисциплинарната природа на компјутерската форензика, која ги поврзува техничките знаења од областа на информатиката со правната рамка и безбедносните политики, при што се поттикна критичко размислување и разбирање на улогата на дигиталните истраги во современото општество. Ваквите гостински активности имаат особено значење за надградба на академската настава со практични искуства и актуелни примери од професионалната практика, што директно

придонесува кон унапредување на компетенциите на студентите во областа на сајбер безбедноста и дигиталната правда.

## 6. Одбори за доверба со јавноста

Одборот за доверба со јавноста на Факултетот за информатика функционира како советодавно тело составено од професионалци од информатичката индустрија но и конзументи на ИТ услуги. Во академската 2020/2021 година се одржаа два состаноци – по еден во секој семестар – на кои се дискутираа актуелни предизвици и трендови во ИКТ индустријата.

На есенскиот сотсанок, Одборот разгледуваше прашања поврзани со општествената одговорност на Факултетот за информатика, како важен сегмент од неговата улога во пошироката заедница. Во воведното излагање беше истакнато дека Факултетот преку различни образовни, стручни и општествени активности придонесува кон развојот на локалната и пошироката општествена средина. Беше нагласено дека овие активности претставуваат значаен дел од институционалната мисија и одговорност кон јавниот интерес. Во текот на дискусијата, членовите на Одборот оценија дека спроведените активности од областа на општествената одговорност имаат позитивен ефект и се препознаени од релевантни чинители. Истовремено, беше укажано дека нивната општествена вредност не е секогаш доволно јасно артикулирана и видлива во јавноста. Членовите посочија дека постои потреба од појасно дефинирање на целите, ефектите и придобивките од ваквите активности, како и од нивно систематско следење и евидентирање. Врз основа на изнесените согледувања, Одборот усвои препорака за понатамошно јакнење на општествено одговорните практики на Факултетот за информатика, со посебен акцент на нивно планирање, следење и јавно истакнување. Усвоената препорака има за цел да придонесе кон поголема препознатливост на општествениот придонес на Факултетот.

На пролетниот состанок, Одборот разгледуваше прашања поврзани со соработката на Факултетот за информатика со други факултети и научни установи во земјата и во странство, како значаен фактор за унапредување на академскиот и научно-истражувачкиот капацитет. Во воведното излагање беше истакнато дека Факултетот има воспоставено одредени форми на меѓуинституционална соработка, кои придонесуваат кон размена на знаења, искуства и добри практики на национално и меѓународно ниво. Во текот на дискусијата, членовите на Одборот нагласија дека постои простор за понатамошно зајакнување и проширување на соработката со сродни факултети и научни институции, особено во делот на координација и синхронизација на студиските програми, заеднички научни и развојни иницијативи, како и академска мобилност. Беше истакнато дека подобрата усогласеност на програмите и активностите може да придонесе кон зголемување на нивната комплементарност и меѓународна препознатливост, како и кон поефикасно искористување на постојните ресурси. Врз основа на изнесените согледувања, Одборот усвои препорака за интензивирање и систематизирање на соработката со други факултети и научни установи во земјата и во странство, со посебен акцент на развој на заеднички иницијативи и синхронизација на студиските програми. Усвоената препорака има за цел да придонесе кон унапредување на квалитетот на образовниот и научниот процес.

# 7. Научно-истражувачка дејност

Во текот на академската 2020/21 година, дел од наставниот кадар на Факултетот за информатика активно придонесе во развојот на научната мисла преку објавување научни трудови во релевантни меѓународни и домашни научни списанија, како и преку учество на научни конференции. Следува преглед на објавените трудови и конференциските излагања:

**Објавени во списанија**

- Toni Malinovski, Dane Krstevski, Factors influencing employees' experience after business process redesign, International Journal of Management and Enterprise Development

**Научни конференции**

- Anis Sefidanoski, B.Hristov, Applications of Healthcare Informatics in Dental Medicine, IDEA International Journal of Science and Arts, Sep 1, 2020; pp. 51-56
- Ana Sekulovska–Jovkovska, Pece Mitrevski, and Sime Arsenovski., Preventing Corrupt Practices in Public Institutions in the Western Balkans: Application of ICT Security Standards, Policies and Procedures., UTMS Journal of Economics 11(1): 67–79
- B. Hristov, Anis Sefidanoski, Teledentistry based on emerging ICT technologies, IDEA International Journal of Science and Arts, Dec 30, 2020; pp 53-66
- Blazeska Daliborka PhD, Ristovska Natasha PhD, Gramatnikovski Sashko PhD, The impact of digital trends on marketing, UTMS Journal of Economics, Vol. 11 No. 1 (pp. 48–58), September 2020 (EBSCO)
- Dejan Nakovski, THE IMPACT OF THE TRAFFIC INFRASTRUCTURE ON THE TOURIST DESTINATION, UTMS Journal of Economics 11(1): 43–47
- Djonov M., Galabov, M., Real-time data integration AWS Infrastructure for Digital Twin, DOI:10.1145/3407982.3407994, ACM International Conference Proceeding Series, 2020, pp. 223–228 (SCOPUS)
- Kristina Jakimovska, Biljana Stojcevska, Anita Vasileva, ASSESSMENT OF INTELLIGENT SOLUTIONS FOR IMPROVING ELEVATORS' PERFORMANCES, (Journal of Information Technology and Applications),
- Natasha Ristovska PhD, Blazeska Daliborka PhD, Enhancing Women's Engagement in Entrepreneuria, Business Activities, UTMS Journal of Economics, Vol. 11 No. 2 (pp. 213–230), December 2020 (EBSCO)
- Sitnikovski, B., Sekulovska, A., Implementing Virtual Organizations in the Western Balkan Countries (WB6), International Journal of Humanities, Art and Social Studies (IJHAS), Vol. 5, No.2, 2020.

- Slavcho Chungurski, and Pece Mitrevski., ICT and Local E-Governance in Planning Regions in North Macedonia, UTMS Journal of Economics 11(1): 29–42.

## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународните стандарди недвосмислено укажуваа на потребата за оспособување на идните дипломци и магистри за професионално делување во меѓународни рамки. Тргнувајќи од тоа, а во согласност со програмата за Меѓународна соработка на Универзитетот, Факултетот за информатика се фокусираше на остварување на соработка со други универзитети во светот. Преку таа соработка, студентите имаа можност да посетуваат предавања на партнерските универзитети преку онлајн платформи.

Активностите беа дел од континуираните промотивни напори на факултетот, кои се координираат со стратешките насоки на Универзитетот и имаат за цел унапредување на видливоста и влијанието на академската заедница.

## 9. ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ

Главен белег на Факултетот за информатика останува практичната работа како суштински дел од образовниот процес, со фокус на искуствено учење и стекнување применливи знаења и вештини. Студентите, согласно наставниот курикулум и Правилникот за практична настава, задолжително изведуваат практична работа со времетраење од најмалку 30 работни дена за време на своите студии, со поддршка на Центарот за кариера при УТМС.

Праксата се одвива 30 работни дена, во два циклуса: за време на летна пракса (јуни–август 2023). Студентите праксата ја реализираа индивидуално, поради последиците и актуелноста на кризата Covid 19.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

| | |
|---|---|
| Јуни 2021 | ДЕЛЕГАЦИЈА ОД УТМС ОСТВАРИ ДЕЛОВНА ПОСЕТА НА УЗБЕКИСТАН<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/1925-delegacija-od-utms-ostvari-delovna-poseta-na-uzbekistan |
| Мај 2021 | УТМС ПОТИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО SILK ROAD INTERNATIONAL UNIVERSITY OF TOURISM ОД Р. УЗБЕКИСТАН<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/1905-silk-road-international-university-of-tourism-o |
| Март 2021 | УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ИМАШЕ СВОЕ ИЗЛАГАЊЕ НА ОНЛАЈН СРЕДБАТА ЗА ПРОЕКТОТ СИТЕ ПАТИШТА ВОДАТ ДО РИМ<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/1892-ta-24-03-2021 |

| | |
|---|---|
| Декември 2020 | УТМС УЧЕСНИК НА ХАКАТОНОТ „REFRESH: AGRIBUSINESS & TOURISM”<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/1864-refresh-agribusiness-tourism |
| Октомври 2020 | НА УТМС СЕ ОДРЖА 7-ОТ МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС „ICON BEST 2020” НА ТЕМА: „АЛТЕРНАТИВНИ ПАТИШТА ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИИТЕ ВО ГЛОБАЛНОТО БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ”<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/1833-7-icon-best-2020 |

Факултет за информатика
Декан
Проф. д-р Лидија Горачинова Илиева